Скопје, 30 април 2024 година

**Листа на идентификувани системски значајни банки – врз основа на податоците заклучно со 31.12.2023 година**

Во согласност со Законот за банките и регулативата на Народната банка за методологијата за идентификување системски значајни банки[1], Народната банка еднаш годишно врши пресметки за целите на идентификување на системски значајните банки во Република Северна Македонија и за утврдување на заштитниот слој на капиталот за системски значајните банки. Во согласност со закон, Народната банка ја објавува листата на идентификуваните системски значајни банки на својата интернет-страница.

Целта на заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки е да ја зголеми отпорноста на банките коишто се идентификувани како системски значајни банки на неочекувани шокови или загуби коишто можат да настанат во текот на нивното работење. Воведувањето на овој дополнителен износ на капитал којшто треба да го одржуваат системски значајните банки не е показател за нивната поголема ризичност во однос на другите банки во системот, туку произлегува единствено од нивната значајност за целокупниот банкарски систем. Поголемата солвентност на системски значајните банки и нивната поголема отпорност придонесува за зајакнување на стабилноста и сигурноста на целиот банкарски систем, а со тоа и на вкупната економија. Според регулативата, заштитниот слој на капиталот за системски значајните банки може да изнесува од 1% до 3,5% од активата пондерирана според ризиците.

При оцената на системската значајност, Народната банка го применува квантитативниот пристап, односно критериумите и квантитативните показатели определени во главата II од Одлуката, како и квалитативната супервизорска оцена од главата IV од Одлуката.

Квантитативниот пристап се заснова врз четири критериуми на системска значајност: големина, заменливост, поврзаност и сложеност:

| **Критериум на системска значајност (пондер на значајност)** | **Квантитативен показател (се пресметува за секоја банка, како соодност на одделната позиција за секоја банка и истата позиција на ниво на банкарскиот систем)** |
|---|---|
| **Големина (25%)** | Билансни и вонбилансни активности |
| **Заменливост (25%)** | Кредитна изложеност кон нефинансиските лица |
| | Депозити на нефинансиските лица |
| | Кредитна изложеност кон дваесетте најголеми должници нефинансиски лица на ниво на банкарскиот систем |
| | Интрабанкарски платен промет |
| **Поврзаност (25%)** | Промет на меѓубанкарскиот пазар |

[1] Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија" 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 88/21 и 102/22) и Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банка („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/20, 112/21 и 77/23).

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-175
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-348
**www.nbrm.mk**

| | |
|---|---|
| | Промет на девизниот пазар |
| | Платен промет преку платните системи |
| **Сложеност (25%)** | Пласмани во и обврски кон странски финансиски институции |
| | Платен промет со странство |

Секој критериум се состои од еден или од повеќе показатели, коишто се пресметуваат како учество на банката во вкупниот банкарски систем. Просечната вредност на сите критериуми на системска значајност ја претставува сумарната оцена за таа банка.

Применетата квалитативна супервизорска оцена главно се темели на неизвесноста од надворешното окружување што сѐ уште постои и што може да влијае врз профилот на ризик на банките, потоа на одредени специфични активности на банките, како и на приоритетот за одржување на капиталната позиција којашто ќе може да апсорбира евентуален поголем раст на кредитните загуби и натамошна кредитна поддршка.

Со примената на квантитативниот и квалитативниот пристап врз основа на податоците за 31 декември 2023 година, како системски значајни банки се идентификувани седум банки (прикажани се според азбучен редослед):

- „Комерцијална банка" АД Скопје,
- „НЛБ банка" АД Скопје,
- „ПроКредит банка" АД Скопје,
- „Стопанска банка" АД Скопје,
- „Универзална инвестициона банка" АД Скопје
- „Халк банка" АД Скопје,
- „Шпаркасе банка" АД Скопје.

За секоја идентификувана системски значајна банка, Извршниот одбор на Народната банка носи одлука во која е наведена висината на заштитниот слој за системска значајност којашто системски значајната банка треба да ја одржува и ја доставува оваа одлука до банката најдоцна до 30 април секоја година. Системски значајните банки треба да се усогласат со стапката на заштитниот слој на капиталот за системска значајност до 31 март 2025 година.

Народна банка на Република Северна Македонија